Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24, 210/24) и член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10 и 18/14), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе,

О Д Л У К А
за избор на административен службеник
по Интерен оглас бр.04/2026

1.По инетерниот оглас 04/2026 објавен на ден 19.11.2026 година, за унапредување на административен службеник во Општина Гевгелија **се избира**:
- **Марија Костадинова,** со вкупно освоени бодови **38,05** за работно место под реден број 1 од интерниот оглас, УПР 01 01 В01 000 – **Советник за комунални работи**, во Одделението за комунални работи и локални патишта, Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина;

2.Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 на оваа Одлука, во рок од пет дена по конечноста на Одлуката;

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на Барање за започнување на постапка за унапредување на административен службеник бр.04-1448/1 од 17.11.2026 година и Известување за обезбедени финансиски средства во Буџетот на општина Гевгелија, бр.04-1448/2 од 17.11.2026 година, доставени од Секретарот на општина Гевгелија до Одделението за управување со човечки ресурси при Општина Гевгелија, на ден 19.11.2026 година објавен е Интерен оглас број 04/2026 на веб страната на Општина Гевгелија и на веб страната на Агенцијата за администрација, за унапредување на административен службеник, на работно место Советник за комунални работи, 1 (еден) извршител, во Одделението за комунални работи и локални патишта, Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија, со Решение број 04-1448/7 од 24.11.2026 година, на ден 25.11.2026 година, во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција со Записник бр.04-1448/8 и интервју со Записник бр.04-1448/9.

Врз основа на бодовите од спроведената административна селекција и спроведеното интервју, Комисијата за селекција за унапредување на адмнистративен службеник изготви финална ранг-листа и предлог-одлука за избор и ги достави на Градоначалникот на општина Гевгелија.

Врз основа на наведеното, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата на Агенцијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Бр.04-1483/1
26.11.2026 година
Гевгелија

Изработил, Весна Хаџикојчева

Градоначалник
на општина Гевгелија,
Андон Сарамандов

Доставено до:
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Архива
-Административен службеник